СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на 75-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 септември 1997 година

Скопје, септември 1997 година

II (ВТОРО) ПРОДОЛЖЕНИЕ, ОД 75-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 24 СЕПТЕМВРИ 1997 ГОДИНА

Дискутанти:

1. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ – 17, 18
2. ГАЗМЕНД АЈДАРЕГА – 16
3. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН – 15, 16
4. ДИМОВ ЛАЗАР – 19
5. КАДРИУ ЗЕКИР – 12, 14
6. КОЦЕВСКИ АЦЕ – 22
7. ЛАЗАРОВ ЈОВАН – 24
8. ПЕТКОВСКИ ТИТО – 1 (води седн.)
9. РАМАДАНИ САЛИ – 9
10. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР – 24, 25
11. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ – 12, 14, 20

Дневен ред:

Т.13-стр.1
Предлог за изб.на судии во основнитесудови.
Т.14-стр.8(Анкетн.ком.-Гост.)
Т.15-стр.11 (Анк.Ком.)

ИСЦРПЕН ДНЕВНИОТ РЕД НА 75-та II продолж.

-ПРЕОСТАНУВА ГЛАСАЊЕ ПО ДВЕ ТОЧКИ, со двотретинско мнозинство

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на'75-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 24 септември 1997 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратениците Ристо Марковсхи, Борис Костаќев, Бранирод Михајловски, Атанас Вангелов,Никола Г. Поповски, Хисен Рамадани, Тодосие Паунов и Зоран Шапуријќ ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Во Собранието се присутни 70 пратеници.

Според тоа и да имаме добра желба по оние две точки од претходната седница немаме услови да гласаме, односно нема 80 пратеници.

Продолжуваме со работа по 13-тата точка - Предлог за избор на судии во основните судови.

Продолжуваме со гласање.

Предлогот Лилјана Поповска да биде избрана за судија на Основниот суд во Кавадарци го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (66 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници)

Констатирам дека Лилјана Поповска е избрана за судија на Основниот суд во Кавадарци.

Предлогот Јордан Давков да биде избран за судија на Основниот суд во Кавадарци, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници)

Констатирам дека Јордан Давков е избран за судија на Основниот суд во Кавадарци.

Предлогот Димитар Лазаревски да биде избран за судија на Основниот суд во Кавадарци го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници)

Констатирам дека Димитар Лазаревски е избран за судија на Основниот суд во Кавадарци.

Предлогот Трајана Дуброва да биде избрана за судија на Основниот суд во Кавадарци, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеници)

Констатирам дека Трајана Дуброва е избрана за судија на Основниот суд во Кавадарци.

Предлогот Јакимче Илиев да биде избран за судија нашиот суд во Кочани, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (71 пратеник)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеници)

Констатирам дека Јакимче Илиев е избран за судија на основниот суд во Кочани.

Предлогот Виолета Миладинова да биде избрана за судија на Основниот суд во Кочани, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

Констатирам дека Виолета Миладинова е избрана за судија на Основниот суд во Кочани.

Предлогот Крунислав Алексов да биде избран за судија на Основниот суд во Кочани, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници)

Констатирам дека Крунислав Алексов е избран за судија на Основниот суд во Кочани.

Предлогот Димитар Стаменков, да биде избран за судија во Основниот суд во Кочани, го ставам на гласале.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

Констатирам дека Димитар Стаменков е избран за судија во Основниот суд во Кочани.

Предлогот Ѓорѓе Марјановиќ, да биде избран за судија на Основниот суд во Кочани, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеници)

Констатирам дека Ѓорѓе Марјановиќ е избран за судија на суд во Кочани.

Предлогот Васко Трајковски да биде избран за судија на Основниот суд во Кочани, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (45 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (8 пратеници)

Констатирам дека Васко Трајковски е избран за судија на Основниот суд во Кочани.

Предлогот Зоран Глигоров да биде избран за судија на Основниот суд во Кочани, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

Констатирам дека Зоран Глигоров е избран за судија на Основниот суд во Кочани.

Предлогот Марина Дишковска да биде избрана за судија на Основниот суд во Куманово, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

Констатирам дека Марина Дишковска е избрана за судија на Основниот суд во Куманово.

Предлогот Маја Денковска, да биде избрана за судија на Основниот суд во Куманово го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници)

Констатирам дека Маја Денковска е избрана за судија на Основниот суд во Куманово.

Предлогот Мери Манаки-Филиповска да биде избрана за судија на Основниот суд во Куманово, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

Констатирам дека Мери Манаки-Филиповска е избрана за судија на Основниот суд во Куманово.

Предлогот Зоран Гошев да биде избран за судија на Основниот суд во Свети Николе, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (66 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеници)

Констатирам дека Зоран Гошев е избран за судија на Основниот суд во Свети Николе.

Предлогот, Дијана Миовиќ да биде избрана за судија на Основниот суд во Свети Николе го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници)

Дали има некој против? ( 1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници)

Констатирам дека Дијана Миовиќ- е избрана за судија на Основниот суд во Свети Николе.

Предлогот Василка Василева да биде избрана за судија на Основниот суд во Струмица го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

Констатирам дека Василка Василева е избрана за судија на Основниот суд во Струмица.

Предлогот Марина Абрашева, да биде избрана за судија во Основниот суд во Струмица го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (66 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Марина Абрашева е избрана за судија во Основниот суд во Струмица.

Предлогот Илија Стојанов да биде избран за судија на Основниот суд во Струмица го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

Констатирам дека Илија Стојанов е избран за судија на Основниот суд во Струмица.

Предлогот Наќе Георгиев, да биде избран за судија на Основниот суд во Струмица го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (71 пратеник)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

Констатирам дека Наќе Георгиев, е избран за судија на Основниот суд во Струмица.

Предлогот Петранка Ташева, да биде избрана за судија на Основниот суд во Струмица го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (69 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Петранка Ташева е избрана за судија на Основниот суд во Струмица.

Предлогот Никола Дончев, да биде избран за судија на Основниот суд во Струмица, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (71 пратеник)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

Констатирам дека Никола Дончев е избран за судија на Основниот суд во Струмица.

Предлогот Роза Ричлиева да биде избрана за судија на Основниот суд во Струмица, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (70 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

Констатирам дека Роза Ричлиева е избрана за судија на Основниот суд во Струмица.

Предлогот Димитрија Талевски да биде избран за судија на Основниот суд во Струмица го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (21 пратеник)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (46 пратеници.

Констатирам дека Димитрија Талевски не е избран за судија на Основниот суд во Струмица.

Предлогот Драги Ивановски да биде избран за судија на Основниот суд во Штип, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

Констатирам дека Драги Ивановски е избран за судија на Основниот суд во Штип.

Предлогот Лидија Тодоровска да биде избрана за судија на Основниот суд во Штип го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (69 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

Констатирам дека Лидија Тодоровска е избрана за судија на Основниот суд во Штип.

На избраните судии им го честитам изборот и им посакувам успешна работа.

Минуваме на точката 14 - Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за согледување на евентуалните пречекорувања на овластувањата при интервенцијата на полицијата во Гостивар на 9 јули 1997 година.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

Господин Сали Рамадани, бара збор.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Сот. Денеска не знам по кој пат владеачката партија во оваа Република разговара сама со себе и тоа информацијата која беше каква таква и за кода расправавме сега веќе треба да добие на некој начин и свој епилог. И тоа, и понатаму, на еден апсурден и перфиден начин преку една анкетна комисија со која веќе и стариот состав на овој Парламент како што е познато има лошо искуство, а и ние веќе три години основавте тука такви и слични комисии и од нив нема никкв точни, објективни податоци, туку и понатаму се манипулира.

Највисока манипулација најверојатно ќе биде после овие трагични настани во Гостивар и сега после цела оваа расправа се пролонгираше веќе со недели треба да се основа, наводно таква анкетна комисија која ќе анкетира некого, меѓутоа во таква комисија може да бидат само тие кои се против таквата информација и на кои им е тешко незгодно, кои жалат за такви настани. Додека една партија односно мнозинството со нејзините сателити која веќе ја одобруваше таквата акција на злочини, на убиства,на толку ранети и неоспособени луѓе, сега треба уште понатаму со една таква анкетна комисија да го потврд] тоа исто - своето.

Затоа мојата парламентарна група и јас сме и понатаму против вакво понатамошно манипулирање и пролонгирање на тие настани и не треба да се основа никаква анкетна комисија.

Да се надоврзам со следната точка и за составот да не излегувам двапати, само со една реченица, дека и самиот состав како се предлагаат членовите во таа наводно анкетна комисија се мнозинство од таа партија чии извршни органи сторија злочин, кривични дела, убиства, убиства во обид нанесени потешки и полесни телесни повреди, кражби и тн. И, апсурдно е тоа што ние имавме тука заклучоци. Заклучоците на мојата партија, на мојата парламентарна група, на Демократската партија на албанците,а потоа и на Партијата за демократски просперитет, беа неприфатени, одбиени, неизгласани. Еден предлог за кого се бараше нешто слично како и Владата, како и заклучоците наводно на мнозинството во Собранието беше повлечено и сега, што? Истите тие кои ги одобрија таквите настани, таквите злочини, таквите убиства сепак и понатаму се во мнозинство.

Меѓутоа, уште почудно е тоа кога таа информација не ја гласаа ниеден од албанците, а сега веќе се предлагаат двајца членови од таа анкетна комисија, а уште повеќе претседател на Комисијата се предлага албанец кој не гласаше за таква информација. Уште е почудно што и од мојата парламентарна група се предлага еден член да биде во таа комисија, тој филм вие нема да го гледате а уште полошо што пак и за жал, незнам зошто од моите соработници се бара да се измени тој член и место мојот колега Зеќир Кадриу, пратеникот Наџи Пурде.

Ако некој повеќе е запознат и поконкретно ги познава работите, кој беше на лице место, најверојатно беше пратеникот Наџи Пурде, тоа е точно, меѓутоа нема логика, човекот кој исто така беше против таква информација, сега да биде член на таа комисија. Или пак еден од најинфромираните, кој даде толку опширни информации, објективни, точни господинот Сејфедин Харуни, исто така не е член на Комисијата.

Значи јас сум против тоа да биде ниеден од албанците, не смее да биде, и не би требало, јас сметам дека ќе се повлечат и како што беше и судењето еднонационално, македонско, од Судскиот совет, обвинителот, па и бранителот на крајот, македонци, нека биде и оваа комисија чисто етничка македонска така и нека биде, ќе разговарате сами со себе, а се знае последиците какви се.

Затоа сум против оваа Комисија, против овој состав и нормално нема да гласаме ниту има да прифаќаме.

Благодарам. Тунга тиета.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (54)

Дали има некој против? (4)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за основање на Анкетна комисија за согледување на евентуалните пречекорувања на овластувањата при интервенцијата на полицијата во Гостивар на 9 јули 199 7 година.

Точка 15 - Предлог на одлука за состав на Анкетната комисија за согледувања на евентуалните пречекорувања на овластувањата при интервенцијата на полицијата во Гостивар на 9 јули 1997 година.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Пратениците Газменд Ајдарага, Мерсел Биљали, Абдуљади Вејсели, Џеладин Мурати и Сејфедин Харуни и Мевљан Таири, поднесоа амандман за менување на еден член од составот на Комисијата.

Пратеникот Газменд Ајдарага поднесе амандман за менување на еден член од составот на Комисијата.

Согласно Деловникот на Собранието предлог за состав на работни тела на Собранието предлага Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да се произнесе.

Има збор господин Џафероски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека составот на Анкетната комисија е усогласен на Комисијата за изборите и именувањата и никакви амандмани не сме во состојба да прифатиме бидејќи тоа е спротивно на Деловникот и на принципите на работа на Комисијата.

Остануваме на составот кој е предложен од страна на Комисијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Кадриу има збор.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, најпрвин јас имам забелешка од страна на претседателот на Комисијата бидејќи кога беше предложен тој состав на Комисијата јас не сум бил присутен и никако не би прифатил да бидам јас во таа Анкетна комисија како што е предложено.

Второ, од причина што би требало да биде и Комисијата принципиелна, ако не сум бил тогаш, да кажам со некое неоправдување би требало да се консултирам дали јас прифаќам да бидам во таа комисија како член.

Во спротивно од сите тие што во врска со ситуацијата и во врска со настаните и во врска со информацијата, ние како пратеничка група сме биле децидни и јасни и нормално дека не сме се согласиле никој од нашата пратеничка група да не биде во тој состав.

Образложение ако треба за тоа мислам дека сосема нелогично би излегло тоа цело време ние да бидеме против една комисија, а на крај да прифатиме да бидеме членови на :таа комисија.

Токму заради тоа јас сакам да бидам конкретен, ниту јас ниту појот колега Наџи Пурде не сакаме да бидеме во таа комисија, а најмалку имаат право тие колеги што предлагаат да ги симнуваат од дневен ред или да ги ставаат без консултација или без: однапред разбирање во врска со ваквите работи.

Па заради тоа ги молам пратениците јас да не бидам во таа комисија и во никој случај не би прифатил како член да бидам на таа Анкетна комисија од причини што однапред знаеме и од искуство дека никогаш таквите комисии не решиле некој проблем, крупен, а посебно како што е овој проблем и на крај на краиштата од поранешното искуство беа предложени такви анкетни комисии за решавање на други проблеми и од тие причини никогаш досега па не верувам ни оваа комисија дека ќе придонесе за некои конкретни резултати.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Алил Џафероски,

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Прво, затоа што некој не бил присутен на Комисија треба да се запраша себе си зошто не -бил. Второ, Комисијата нема обврска да праша било кој пратеник заради тоа што ние како пратеници имаме обврска согласно Уставот да ги оствaруваме правата и должностите согласно Уставот и законите во овој Парламент. И, затоа нема потреба да прашаме било кој пратеник дали треба да биде предложен за определена комисија поконкретно сега за Анкетната комисија.

Доколку господинот пратеник се повлекува, се откажува тогаш Комисијата дополнително за еден член за наредната седница ќе предложи друг пратеник заради тоа што пратениците во ова Собрание сите се со исти права и должности.

Исто така мислам дека треба да се гласа за листата минус повлечениот пратеник член на Комисијата господинот Заќир Кадриу, а за наредната седница Комисијата ќе предложи нов член на неговото место.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Кадриу.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Господо, заради објаснение да му кажам на претседателот на Комисијата дека тој ден кога се одржал тој состанок не сум бил присутен затоа што не сум бил повикан. А, за тоа имам документација и аргументација. Друго е тоа што тие предложиле без мое присуство, а потоа имале пак време за консултации и тоа не го сториле и тоа не го направиле и заради тоа јас се повлекувам и сакам друг пат да бидете поконсеквентни, поконкретни и пообјективни за вакви работи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господин претседателе, дами и господа пратеници), денеска е на дневен ред изборот на членови за состав на Комисијата и има тука еден амандман поднесен од господата Газменд Ајдарага, Сејфедин Харуни и Абдурауф Пруси, по точка 1 во Деловникот за членови на Комисијата наместо Слободан Даневски да стои друго име т.е. друг пратеник од ДЛП .Образложение амандманот се предлага поради тоа што е нелогично во составот на Комисијата да биде пратеник што бара поголемо тепање од говорницата на Собранието на 17.09.1997 година.

Јас мојот став го кажав од оваа говорница и не се повлекувам. Го кажав ставот во однос на интервенцијата на полицијата и тоа како самата полиција функционира..Ова се бара сега Слободан Даневски да се иземе од Комисијата. Од оваа говорница се покажани многу големи навреди, спрема државата, многу пратеници кои седат во овој Парламент кои шетаат по светот и шират разно разни невистини се и претседатели на комисии и водат тела и комисии и претставници, така да нема потреба да се повлече Слободан Даневски од Комисијата затоа што ако едните тврдат дека било малку тепање, а јас сум тој што вика дека треба уште повеќе тепање, јас мислам дека ќе ја одработам добро работата во видам дали било доста тепање, малку тепање и највише тепање.

Благодарам.

(смеа во салата)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,свесен сум кој беше поводот за смеата овде, во Парламентот. Сигурен сум дека не беше смеата за она што доживеаја луѓето во Гостивар. Сигурен сум дека не беше смеата за тоа. Меѓутоа, сигурен сум исто така дека смеат беше за настапот на господинот кој што бара да биде во Комисијата. Не знам кај ќе се најдеме ако бараме уште да тепаме. Со тепање ли ќе ја уредиме државата.

Уште пожалосно е ако пратеник така се изразува тука, а второ, уште пожалосно да пратеник настојува да биде, дали требало толку или требало уште да се тепа. Како ние сега да гласаме за таков пратеник, уште однапред оптоварен со вакви работи, кои за жал не ни долкуваат нас, не ни доликуваат на нас кои се сметаме за луѓе, не ни доликуваат на нас кои се сметаме за избрани од народот.

И, заради тоа во овој Парламент, она што предложивме со амаднманот, да не биде прифатен таков човек.Нека му е на чест она што бара да се тепа, меѓутоа мислам дека ние со тепање не можеме та правиме држава.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Даневски реплика.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Жалам што многу погрешно бев сватен. Немав намера да правам смеа од оваа така сериозна тема и ситуација. Затоа улогата на Комисијата да ја утврди фактичката состојба, затоа што рековме не веруваме на она што е дадено како званичен извештај, не си верувавме самите себеси, на многуте од овие дискусии што беа искажани на парламентарната говорница, неможевме да најдеме решение, требаше да падне ми-

нистерот, не падна министерот, затоа рековме да формираме Анкетна комисија да видиме што е вистинската ситуација на теренот. Многу жалам што многу погрешно сте ме разбрале.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Миљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, искрено кажано неколку дена не бев во состојба да ја прифатам таквата улога односно таквата должност од причина што не само сметам дека е тешка работа и очигледно е дека се работи за тешка работа, не затоа што ние сите тука сме сведоци дека од овие комисии имаме лошо искуство да не ги спомнувам комисиите кои беа формирани за слични случаи, меѓутоа, не можеа поради повеќе причини да ја завршат работата не поради моето убедување и чувство дека можам да изразам сомневање во однос на работата на оваа комисија туку јас сум убеден дека и овој пат можеби ќе надвладее логиката на прстите над логиката на фактите.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:** (Продолжение)

Меѓутоа, од две причини морам да прифатам. Тоа беше одлуката на Парламентарната група на ПДП, а и партијата и второ, мојата желба иако ризично да се ставам во искушение дали во Македонија постојат минимални услови за една минимална правна држава која е во состојба да ги расветлува реалните состојби и факти и дали граѓанинот навистина заслужува минимален третман така како што е предвидено во највисоките правни акти. Значи, се работи за ризична состојба и јас сум свесен за тоа, меѓутоа, кај мене изгледа надвладува ризичноста со цел да придонесам, колку е можно, да се расветлат фактите над стравот што некој тука не сака да прифати да бидат членови од причина што мислат дека ќе се деградираат или ќе изгубат политички поени.

Јас од оваа Комисија, искрено кажувам, очекувам големи тешкотии од причина што се работи за одделни партиски интереси за посебни и различни позиции, па и емоции. Еве го слушавме г-динот Даневски, меѓутоа, некој мора да го преземе ризикот. Сметам дека Комисијата требаше да биде формирана во поадекватна структура се со цел за да може да работи пообјективно,埋реално и во тој склоп ние предлагавме г-динот Наџи Пурде да биде член на Комисијата од причина што истиот ден тој бил во Гостивар и бил очевидец на тие настани за разлика од мене кој тие денови бев во Варшава на Годишното парламентарно собрание на Организацијата за безбедност и соработка на Европа.

Во однос на Даневски мислам дека не би требало да биде член на комисијата бидејќи неговите настапи однапред изразуваат гледа на факти на своите лични фрустрации и затоа ако не се повлече тој, јас како претседател не можам да прифатам таква улога.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Лазар Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сметам дека формирањето на оваа Анкетна комисија како и нејзиниот состав е од големо значење за состојбите во нашата држава. Сметам дека кон оваа материја овој Парламент треба со посебна сериозност да се осврне и во функција на тоа сметам дека не држат зборувањата на одредени пратенции до албанска националност дека Анкетната комисија е работа на која не треба да и се верува и дека не треба да даде резултати од една страна и неверувањето на резултатите од Анкетната комисија можебк за тоа право на господата им дава самиот состав на Анкетната комисија во која ако се погледне на прв поглед бројот на членовите на таа Анкетна комисија јас не го гледам по националност, туку позиција опозиција грото од членовите се од позицијата. За да нема недоверба и неверување логиката на работите зборува , бидејќи таа Анкетна комисија има задача да контролира одреден орган на извршната власт, за да нема недоразбирање, за да нема сомневање јас сметам дека во составот на членството не во поглед на националноста дали ваква или онаква националност има застапено, тука нема националност оваа Анкетна комисија ја формираме да испита дали постојниот орган ги кршел основните човекови права или не ги кршел, во која мера ги кршел. Тука не гледам дека е подозволено да се тепаат Албанците, а недозволено Македонците. Овде има кршење на човековите права за сите исто и по таа линија сметам дека ние како Парламент не можеме да зборуваме за оваа Анкетна комисија дека е по национален и ваков состав. Можеме да правиме забелешки на составот на Анкетната Комисија по бројот на членовите од позицијата и опозицијата. Зошто? Затоа што тие две функции на опозицијата треба да се искористат токму во овие услови кога има

недоверба во органите, бидејќи ги контролира позицијата. Ако има таква недоверба, а од претходните дискусии слушнавме и аргументи на кои може да им се верува на некои не може, сметам дека ако сакаме како Собрание да делуваме и да-ја остваруваме контролната функција над извршните органи мораме оваа Анкетна комисија да ја составиме така н а која овој Парламент ќе и верува, значи ќе и веруваме на Извештајот, а власта има други можности, власта ги има материјалите, колку ќе веруваме на оваа Анкетна комисија или нема да веруваме тоа е друга работа, сметам дека господата од албанската националност што сакаат сега да покажат? Дека не веруваат во еден контролен орган на ова Собрание и мислам ако така го кажеме сето друго е политизирање Јас не сакам да бидам член. Од таквото политизирање се доаѓа до вакви проблеми.

Уште еднаш ќе повторам мојот предлог е следен. Оваа

Анкетна комисија има сериозна задача да го испита нарушувањето на основните човекови права од еден државен орган. Ние како Собрание сме задолжени тоа да го правиме и треба да го правиме, да не го врзуваме по националност и сметам во членувањето треба да преванат членови од опозицијата во оваа Комисија. Не зборувам за луѓе ги сметам за рамноправни , на тој начин сметам дека кај сите нас и кај граѓаните доверба дека власта, со тоа што дава можност барем комисија да има повеќе членови од опозицијата нема што да крие и не треба ништо да крие.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Џафероски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

При предлагањето на можните кандидати за членови на Анкетната комисија поточно при предлагањето на г-динот Слободан Даневски го почитувавме предлогот и мислењето на ЛДП и затоа е тој предложен

како можен член на Комисијата. По денеска изреченото од негова страна мислам дека прво, Парламентот треба да се огради од такви работи, а второ јас во име на Комисијата го повлекувам предлогот, бидејќи имаше искажување на предложениот претседател г-динот Биљали, практично Комисијата на овој начин не може да се избере, предлагам за наредната Седумдесет и шеста седница Комисијата уште еднаш да се состане и предложи нов состав, имајќи ги предвид консултациите со парламентарните групи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Веќе немаме расправа, бидејќи предлогот е повлечен, а јас сакав да ви предложам да ги поминеме уште овие три четири точки па да дадам пауза Комисијата да се состане, па да предложите состав.

Штом е така, тогаш за наредната седница.

Преминуваме на 16 точка од дневниот ред - Предлог на одлука за изменуваше на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Преминуваме на 17-точка од дневниот ред - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Монголија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Монголија.

Преминуваме на 18 точка од дневниот ред - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Клинички центар - Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, добро ги следиме состојбите во здравството посебно сето тоа што се случува во јавната здравствена организација Клинички центар - Скопје и од тој аспект сакам да упатам една принципиелна забелешка за работата на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата чиј член сум и јас, односно за

односот на парламентарното мнозинство на таа комисија. Комисијата како и за многу други работи, меѓутоа, посебно за оваа точка од дневниот ред на неколку наврати расправаше, повторно се враќаше и ја изменуваше веќе донесената одлука со што на директен начин придонесе оваа точка да не биде на дневен ред на некоја веќе изминатa седница со што веќе Управниот одбор ќе можеше да распише конкурс за избор на директор на Клиничкиот центар односно придонесе агонијата во Клиничкиот центар да продолжи и понатаму.

Мнозинството членови на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата сакајќи или не на некој начин изигрува полтрони на одредени моќници во ова Собрание пред се мислам на г-динот Љубисав Иванов затоа што на негово барање на неколку наврати се менуваше составот на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Клинички центар. Социјалистичката партија само со неколку пратеници сака да има резервирано место во Управниот одбор за разлика од ЛДП која има да не претерам 6 пати повеќе пратеници, меѓутоа затоа што се наоѓа во опозиција го нема тоа ексклузивно право да има претставник во таа Комисија, меѓутоа, тоа не е најтрагично, најтрагичното е дали се предлагаат луѓе кои гарантираат дека како претставници на државата односно на пошироката општествена заедница во Управниот одбор на Клиничкиот центар гарантираат дека ќе има успешна работа на тој Управен одбор.

Имено, што се случи? Се случи г-динот Иванов на првата седница да предложи некој доктор од Кратово за член на Управниот одбор. Бидејќи потоа не му се погодија математиките на следната седница побара да биде ставен г-динот Благој Христовски од Битола, ди- ректор на тамошниот ЗОИЛ за осигурување, а да се повлече споменатиот г-дин . После тоа повторно се повлече одлуката пак се најде истиот господин, па на крајот пак заврши со г-динот Благој Христовски.

Мислам дека тоа не е во ред и дека не доликува на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да изигрува улога на нечиј слуга во овој Парламент односно дека треба својата работа да ја врши принципиелно, беспрекорно и согласно Деловникот за работа на Собранието и актите кои ја регулираат работата на собраниските тела, а не да се однесува според политичката воља и моќ на одредени личности кои имаат важна улога во коалиционата Влада.

Благодарам, ова сватете го само како укажување за да не ни се случува и друг пат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали се согласувате со одлуката?

Има збор г-дин Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Ме изненадува колега кој е инженер по струка, а прави многу грешки во математиката. Само да кажам дека СП моментално има 7 пратеници помножено по 6, ако е за толку поголема ЛП значи би имала 42 пратеника, а знаеме дека имаат 29, па тројца им избегаа, па останаа 26.

Инаку, ја поддржувам предлог-одлуката на Комисијата и ние како Пратеничка група ќе гласаме за предлогот и мислам дека кандидатот што е предложен не заслужи вакви коментари од претходниот колега.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Станковски, само за предлог - одлуката, немојте пак бројки, ве молам.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас нема да почнам со бројки, ќе кажам само дека четири пати е поголема во однос на СП, да бидеме на чисто,...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пак вие за бројки.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

за бројот на претставниците во телата на ова Собрание. Мислам дека е крајно време дефинитивно да сватиме дека опозицијата може само да користи на позицијата доколку е застапена во поголем број секаде и надвор од ова Собрание и во Собранието. Спрема тоа, распоредот на снагите точно го определи и го кажа г-динот Коцевски ЛДП заслужува многу поголемо внимание во однос на места, во управни одговори, овде во собраниските тела и на секаде.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Станковски кажете за предлог-одлуката дали ја поддржувате или не, а за тоа договорете се на Комисијата.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине претседателе, ви благодарам на забелешката јас ќе се изјаснам со гласање за ова.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (55)

Дали има некој против? (9)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Клинички центар - Скопје.

Преминуваме на 19 точка од дневниот ред - Предлог одлука за именување претставници на Републиката во Советот на Водостопанското претпријатие "Брегалница" - Кочани.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (60)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување претставници на Републиката во Советот на водостопанското претпријатие "Брегалница"-Кочани.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Седумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Да видиме дали имаме можност да гласаме по оние преостанати две точки.

Ве молам колку пратеници се во салата? (71)

Според тоа немаме услови.

Предлагам пауза до 13,00 часот.

(Седумдесет и петтата седница заврши во 12,30 часот)